**20260480834**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 56 став (3) точка а) и став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018, 245/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија 180/2019, 103/2021, 86/2025 и 114/2025) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата на 15.10.2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ВИСИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТ ШТО ГО НАПЛАТУВА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Висината на месечниот надомест, што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од секое пензиско друштво, за 2026 година, изнесува 0,6% од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец во секој пензиски фонд со кој управува пензиското друштво.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното објавување во “Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето согласност од Собранието на Република Северна Македонија.

Оваа Одлука ќе биде во сила до 31.12.2026 година и до добивањето согласност од Собранието на Република Северна Македонија на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2027 година и нејзино објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-1362/4
24 октомври 2025 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Ремзи Бајрами,** с.р.